# Стручен престој во Клинички центар Љубљана, менаџирање на епилепсии и клиничка неурофизиологија

*ЈЗУ У Клиника за неврологија*

*Универзитетни Клинички центар Љубљана (датум на обука, нпр. Ноември – Декември, 2014)*

*Проф. Др. Дијана Никодијевиќ*

*Датум на презентација: 30.12.2014*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕшТАЈ ЗА СТРУЧЕН ПРЕСТОЈ ВО КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР ЉУБЉАНА СЛОВЕНИЈА



**За време на едно месечниот престој во Клиничкиот центар, имав можност да се запознаам со: начинот и организација на работата на НевролоШката Клиника, дијагностичките методи и тераписко менаџирање на болните, како и лекарите и останатиот медицински персонал**

**Престојував две недели на Институтот за Клиничка Неврофизиологија кај Проф.Јанез Зидар и две недели на Оделот за Епилепсии и Видео ЕЕГ, во рамките на програмата на Министерството за здраство на РМ за стручен престој и соработка со Клинички Центар Љубљана**

## tloris osrednje zgradbe UKC Ljubljana s Polikliniko




- 1 osrednja avla
- 2 klinični oddelki
- 3 diagnostično terapevtske dejavnosti
- 4 Poliklinika
- 5 predavalnice
- 6 Urgentni blok
- 7 vhod v Urgentni blok
- 8 pošta, trgovina, kavarna
- i informacije

**Универзитетскиот Клинички Центар е составен од 32 згради секоја од оделна специјалност во клиничката медицина, како и 2 административни згради со Управата на Клинички Центар, кој е раководен од двајца директори Проф.Хојкер медицински и економски директор и Медицинскиот Факултет**

**Клиничкиот центар постои од 1786 год, а во влезот на главната зграда има изложба на слики на ретроспективниот изглед на клиниката и познати доктори од оделни генерации, како и фазите на реновирање на Клиниките на секој 30 тина години**

**1. Главната зграда е на два спрата Оделот на Проф.Зидар кој е воедно и Шеф на Институтот за Клиничка Неврофизиологија**








EEG laboratorij
botulinska ambulanta, P300
EMG laboratorij, EP laboratorij

# Во рамките на институтот ги има следните одели и амбуланти:

- Три лаборатории за ЕЕГ и ВидеоЕЕГ како и кај нас,во кои воглавном се снимаат болните хоспитализирани на Оделот за Епилепсии

- Отсек за ЕМГ

- Отсек на Евоцирани потенцијали

- Амбуланта за пациенти со АЛС, со кои работат проекти (под водство на др.Коритник)

- Амбуланта за биопсија на периферни нерви (за дијагноза на невропатии-водена од др.Коритник)

- На приземје во главната зграда е сместен амбулантно поликлиницки дел во кој се наогјаат :ЕЕГ лабораторија,Емг лабораторија за закажани амбулантски пациенти.Пациентите се закажуваат најмалку за период од 6 месеци.

- Амбулантата за Ботулинум токсин е тука ,во која се аплицира Диспорт кај болните со дистонија блефароспазам,тортиколис.,воглавном беа пациенти на контролна апликација на Диспорт која ја повторуваат на 6 месеци..

- амбуланта за епилепсии(која ја водат специјалисти како др.Марко Корусец)

- Амбуланта за Невромускулни болести.

Инаку Што се однесува до фреквенцијата на пациентите на неврофизиолоШките апарати имаат по 2 пациенти на ден, а амбулантите по 5-6 пациенти

Максимално се посветува внимание и време на пациентите по еден час на секој пациент, а наставниот кадар работи секојдневно по неколку часа со специјализантите

При тоа како и кај нас се субспецијализирано така Што проф.Зидар работи Невромускулни болести и ЕЕГ,а др.Коритник и др.Корусец Епилепсии

**Болните со епилепсија и Невромускулни болести лезат на Оделот во НевролоШката Клиника која е на 200 м одалеченост, и др.Коритник е одговорен околу нивната нега, а секое утро во 8 ипол имаат состанок само неврофизиолозите посебно, каде имавме прилика да учествуваме во нивните стручни дискусии за пациентите и стратегии на лекување на истите.**

**За секој пациент се дискутира најмалку пола час, и се разгледуваат тимски резултатите.**

**Амбуланти имаат по 2 дена по 4-5 пациенти,а три дена посветуваат на едукација на специјализантите (имаат доста специјализанти од соседните земји), како и на спремање едукативни семинари.**

**За време на престојот имаШе 2 интернационални семинари, еден за главоболки и еден 3 дневен со hands on курс за ботулинум токсин кај невролоШки болни.**

**Имаат и годиШен распоред со околу 15 семинари едукативни годиШно**



2.Невролоската Клиника е зграда на 3 спрата во рамките на Клиничкиот комплекс. Инаку сите згради се поврзани со топли ходници подземни за олеснет транспорт на болните.

На приземјето се наоЃаат современ административен пулт,фоалје и кафетерија, како и амфитеатри.

Во подрумот се соблекувални, како и служба за секојдневна смена на мантили, кујна за болните и предавални

**а.На двата спрата има два одели, еден за епилепсии, невромускулни болни, Паркинсон под раководство на Проф.Пиртосек кој е претстојник и функционираат засебно од оделот за цереброваскуларни болести.**

**Епилепсиите ги водат др.Лорбер и др.Гранд, со тоа да лежат само рефракторни епилепсии кои се дијагностицираат за прехирурШка евалуација, со цел да се регрутираат оние кои се за оперативен третман во Ерлаген Германија. И овој одел има засебни утрински состаноци.**

**ЕднаШ неделно имаат стручен конзилиум за пациентите со епилепсија каде се дискутираат резултатите од видео ЕЕГ, МНР, психолоско тестирање, со цел за прецизна локализација на епилептогениот фоцус. На овие состаноци присуствуваат сите лекари од оделот, специјализанти и тим од психолози, радиолози, неврохирурзи, педијатри.**

**Инаку на оделот е сместена и лабораторија за Видео ЕЕГ ,со тоа да еден пациент го снимаат 15 дена.**

**Месечно работат 2-4 пациенти на 2 апарати.За видео ЕЕГ порано чекале термин 4 години сега е намалено на 2 години.**

**При тоа за 24 часовните снимања и ноЌна работа им помагаат студентите по медицина кои ги плакаат по 1000 еу/мес.**

**Еден од најкористените антиепилептици е Леватирацетам и како монотерапија и прв лек. Лекарите веднаШ по специјализацијата се усмеруваат со која субспецијалност Ќе работат.**

**Специјализантите се максимално ангажирани во самостојно водење на болните, дезурства и работа во опШта амбуланта. Имаат и телемедицина за случаи на дежурство од други градови, а нејасните случаи ги оставаат за консултација со професорите.**

**Имаат многу лекарски соби, библиотеки, предавални, максимално современи европски услови и критериуми за работа како и високо професионални и културни интерперсонални односи и висока почит во односот лекар пациент.**

**За болните е обезбедена храна, современо опремени соби, хигена на највисоко ниво, разговор со психолог, клинички фармацевт, социјален работник, советување со сестрите и докторите, услови за интернет, добиваат мобилен телефон, како и сите вонредни козметички третмани, разонода со соби за телевизија, посета на културно уметнички манифестации и кафетерии во склоп на клиничкиот центар.**

**Работат од 8-15 со тоа да имаат пауза за кафе од 9, како и пауза за ручек во 12, со многу релаксиран пристап во текот на работното време и многу висок професионален пристап кон секој болен.**

**Немаат учинок но пациентите се заказуваат преку административна служба.**
**Наодите не ги куцаат докторите од прегледите туку преку диктафон, а резултатите од прегледите пациентот ги добива преку поШта од страна на администрацијата.**

**Во Клиниката лежат само нејасни теШки за дијагноза случаи ,адекватни за установа од типот на терциерно здраство, а сите други се хоспитализираат во секундарни здраствени установи клинички болници и опШти болници.**



б.Оделот за цереброваскуларни болести има два дела еден за ЦВИ и Одел за Интензивна нега најсовремено опремен. Не лежат секој акутем мозочен удар , туку само потеШки пациенти кои треба да им се прават интервенции од типот на третман на аневризми стентови каротидни,коилинзи во соработка со интервентни неврорадиолози, и неврохирурзи, како и пациенти за терапија со актилизе.Сеф на оделот е Проф.Зван која е воедно и Директор на Клиниката виса свјетица. И на овој одел имаат засебни утрински состаноци на кои се дискутира за секој пациент конзилијарно со сродните специјалности радиолози и хирурзи.

Инаку приемот на пациентите е организиран најмалку 6 месеци унапред,со тоа да пациентите добиваат Книга за упатства пред приемот.

Во неа се опиШува организацијата на Клинички центар, амбулантен транспорт на болните со брза помоШ до и назад од болницата, опиШана е целата административна процедура како и одговорните за прием на болниот, кој од персона лот за Што е одговорен во однос на болниот, од болницар до сестра, виШа сестра,оделенска сестра, докторот оделенски.
Добиваат информација и за дијагностицките процедуре и консултации со докторот. ОпиШан е и куЌниот ред и организација на денот на болниот, како и сите услуги кои се достапни.
Телевизор, интернет, телефон, мобилен, специјална исхрана, кафетерии, културно манифестации, фризер, маникир педикир, работа со физиотерапевт.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
















**Престојот беШе едно убаво искуство од аспект за нови комуникации, можности за соработка, да се види еден друг организациски систем, многу добар прием имавме целата група, беа многу љубезни целиот персонал и отворени за заедничка соработка**



МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



www.moh.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

www.moh.gov.mk